Врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/2021), градоначалникот на Општина Арачиново на ден 15.05.2026 година донесе:

ОДЛУКА
За избор на најповолен понудувач

1. За најповолна понуда согласно Одлуката за јавна набавка бр. 13-219 од 08.04.2026 година за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и тротоари, водоводна и канализациона мрежа се избира понудата на понудувачот:

Друштво за производство, промет, градежништво, транспорт и услуги КОП-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

2. Договорот за јавна набавка за горенаведениот предмет со избраниот понудувач, ќе се потпише по истек на рокот за жалби.
3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки на Општина Арачиново во состав согласно Одлуката бр 13-219 да ја спроведе оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По отворање на понудите доставени за учество во поедноставена отворена постапка бр. **06426/2026** за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и тротоари, водоводна и канализациона мрежа, Комисијата за јавни набавки достави до Градоначалникот првична ранг листа на способни понудувачи за горенаведената постапка.

Во текот на евалуација на понудите, комисијата утврди дека понудата на економскиот оператор Елинг ДОО увоз-извоз Скопје е содржи невообичаено ниско цена и тоа трисеткратно пониска од второрангираната понуда. Заради тоа, комисијата согласно чл.110 ст.1 од Законот за јавните набавки побара објаснување од страна на економскиот оператор. На ден 08.05.2026 година од страна на економскиот оператор Елинг ДОО увоз-извоз Скопје доставен е одговор во кој се наведува дека приложените цени се согласно нивната политика за реални можности и реална заработка и градежните работи ќе се реализираат во целост.

Комисијата направи истражување и споредба со останатите три понуди како и со други набавки кои претходно се реализирани од страна на овој договорен орган при што утврди голема разлика во цени така што економскиот оператор Елинг ДОО увоз-извоз Скопје во најголемиот дел од позицитите на својата понуда има понудено цени од 20 денари, 30 денари, 50 денари и тн. нешто на што комисијата особено даде значајност па согласно член 110 ст.3 вв ст.2 вв со ст.1 од Законот за јавните набавки понудата на економскиот оператор Елинг ДОО увоз-извоз Скопје ја отфрли.

Комисијата изврши проверка на способноста за вршење на професионалната дејност, економската и финансиската способност, техничката способност и личната состојба ,како и финансиските понуди на понудувачите, па следствено на тоа и евалуација (рангирање) на прифатливите понуди врз основа на критериумот за доделување на договор за јавна набавка наведени во огласот(најниска цена-100 бода)

Комисијата по спроведената евалуација, го достави Извештајот за текот на истата до Градоначалникот со предлог за избор на најповолна понуда (најниско понудената цена), и Градоначалникот врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна заштита: Врз основа на член 143 став 1 точка 4 од Закон за јавните набавки жалба се изјавува во рок од 5 (пет) дена од денот на прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос напостапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништувањена постапката.
Согласно член 142 од Законот, жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставуваистовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

Бр./Nr. 13 – 219/1
Од/Prej 15.05.2026г.
Арачиново/Haraçinë

Општина Арачиново / Komuna e Haraçinës
Градоначалник / Kryetar

Daut Beqiri

Digitally signed by Daut Beqiri
Date: 2026.05.15 12:22:21 +02'00'